Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-342/8
23-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-342 од 20.06.2022 година, поднесена од [redacted] против Општина Сарај, за сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во областа пристап до услуги врз деца кои го говорат македонскиот јазик и припаѓаат на македонската етничка заедница, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 07.11.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на врз основа на етничка припадност и јазик сторена од Општина Сарај, во областа пристап до услуги (згрижување деца во градинка) врз деца кои го говорат македонскиот јазик и припаѓаат на македонската етничка заедница.

## Образложение

На 20.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Општина Сарај, за сторена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и јазик во областа пристап до услуги (згрижување деца во градинка) врз деца кои го говорат македонскиот јазик и припаѓаат на македонската етничка заедница. Во претставката подносителот наведуваат дека имаат информација дека во Општина Сарај нема ниту една градинка за деца во предучилишна возраст во која наставата се одржува на македонски јазик. Поради тоа, според подносителот, граѓаните кои живеат или престојуваат во оваа општина, а се припадници на македонската етничка заедница и говорат македонски јазик им е оневозможен пристапот до услуги за запишување на своите деца во градинките и овие граѓани се принудени своите деца да ги запишуваат во градинки во другите општини.

Иако од наводите од претставката на подносителот не беше сторено веројатно тврдењето за постоење на дискриминација, имајќи предвид дека ваквата евентуална пракса би значела оневозможување на пристап до услуги на поголем број граѓани заради нивна етничка припадност и јазик, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.06.2022 година испрати Известување бр. 08-342/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Сарај.

Општината Сарај, на 01.09.2022, надвор од законскиот рок достави произнесување по претставката, во кои наведува дека наводите од претставката не се точни бидејќи во досегашниот тек од годината ниту еден родител не побарал во градинката на територијата на Општина Сарај да се згрижи дете на македонски јазик.

Заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.10.2022 изврши увид во просториите на Општина Сарај. Увидот беше извршен од членовите на Комисијата, Весна Бендевска и Ирфан Деари и Советникот за правна заштита од стручната служба на Комисијата, Горан Нешевски, а присутни претставници на Општина Сарај за време на увидот беа Секретарот на Општина Сарај, [redacted] кабинетски службеник во кабинетот на Градоначалникот. На увидот на претставниците на Комисијата им беше објаснето дека на територија на Општина Сарај е основана една градинка: Јавна општинска установа за деца – Детска градинка Филизи. Таа има два објекти, еден во Сарај и еден Кондово. Секретарот на општината истакна дека овие капацитети не се доволни за да се згрижат сите деца, односно дека градинката во двата објекти може да згрижи 90 деца, наспроти барањата за упис 200 деца. Дополнително, секретарот на општината ги извести претставниците на Комисијата дека не е регистрирано барање за упис на дете во градинката за тековната година, за кое е побарано воспитно-образовниот процес да биде на македонски јазик. Претставниците на двете страни се согласија дека за обезбедување на релевантни податоци во врска со предметот потребно е да се оствари средба и со директорката на градинката на општина Сарај. Средбата беше договорено да се одржи на 25.10.2022 во просториите на Комисијата.

На 25.10.2022 во просториите на Комисијата се одржа средба помеѓу членката на Комисијата, Весна Бендевска и Советникот за правна заштита од стручната служба на Комисијата, Горан Нешевски, како претставници на Комисијата и Секретарот на Општина Сарај, [redacted] Директорката на Градинката Филизи, [redacted]. Во однос на побараните податоци на увидот, како што се објавени конкурси за упис на деца во градинката во последните 3 години, одлука за основање на градинката, демографски податоци за етничкиот состав на запишаните деца во градинката, број на запишани деца со попреченост и број на деца со попреченост кои чекаат упис во градинката, двете страни се согласија истите да бидат доставени преку пошта или електронска пошта до Комисијата.

На 28.10.2022 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна допис од Општина Сарај во кој, согласно договореното на гореспоменатата средба, беа доставени одлуката за основање на градинката Филизи, правилникот за составот и начинот на работата на комисијата за прием на децата и утврдување на критериуми за прием на деца, известување за упис на деца за 2022 година, извод од деловодник за прием на деца, договори за згрижување на деца и документација за згрижени деца со попреченост.

Од доставената документација, Комисијата заклучи дека известувањето за упис на деца во 2022 година е објавено јуни 2022 година на македонски и албански јазик. Од договорите за згрижување на деца во последните 3 години, доставени од страна на градинката, видно е дека

во градинката во 2019, 2020 и 2021 година биле згрижувани деца од македонска, бошњачка и албанска етничка припадност, чии воспитно-образовни процеси се одвивале на нивните мајчини јазици. Во однос на побараните податоци за згрижување на деца со попреченост, од доставените изводи од деловодниците за прием на деца, видно е дека во периодот 2016-2021 градинката згрижувала деца со физичка, интелектуална и комбинирана попреченост.

Ценејќи ги наводите од претставката, наводите од поднесокот за произнесување, податоците добиени при увидот и работната средба со претставниците на Општината Сарај и податоците добиени од побараната документација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

- Јавната општинска установа за деца – Детска Градинка Филизи е единствената детска градинка која функционира на територија на општината Сарај.
- Известувањето за уписи на деца за 2022 година е објавено на македонски и албански јазик, што упатува на тоа дека пристап до градинката им се овозможува и на децата кои говорат македонски и албански јазик, односно се од македонска и албанска етничка припадност.
- Градинката во повеќегодишен континуитет згрижува деца од различна етничка припадност, деца кои говорат различни јазици и деца со различни видови попреченост, што упатува на фактот дека градинката не врши дискриминација врз основа на етника припадност, јазик и попреченост, а следствено на тоа ниту Општина Сарај не врши дискриминација врз било која основа во пристапот до услуги (згрижување во градинка) на деца кои го говорат македонскиот јазик и припаѓаат на македонската етничка заедница.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
22.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател на Комисија
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]
- Општина Сарај, ул. 1 бр. 36, 1000 Скопје